Одборот на директори ја избра Емина Нурединоска за раководителка на одделението за граѓанско општество на МЦМС.



Во постапката за избор на раководител, Одборот распиша внатрешен оглас и одржа јавно сослушување на кандидатот, на кое колегите имаа можност да поставуваат прашања. На 19 октомври 2010 година, Емина Нурединоска беше избрана на позицијата раководител.

Нуредоноска на оваа позиција доаѓа по заминувањето на претходниот раководител, Сунчица Саздовска, на ново работно место. Во периодот септември 2009-октомври 2010 година таа беше вршител на должноста.

Нурединоска е магистер по меѓународно право. Магистрираше на темата: „Слободата на здружување како човеково право во демократијата“ на Правниот факултет „Јустинијан I“ во Скопје. Нејзиниот фокусот се активностите за институционален развој и создавање овозможувачка околина за граѓанските организации, а посебен интерес и е правната и фискалната рамка за граѓанските организации, нивна вклученост во креирање на политиките и промоцијата на граѓанскиот сектор во јавноста. Во МЦМС е ангажирана од 2001 година.

Нурединоска е избрана на оваа позиција за период од четири години, односно од октомври 2010 – октомври 2014 година.